ИЗВЕСТУВАЊЕ
за пресметка на плата за вработените
од дејноста основно образование

Со ова Известување би сакале да ги информираме сите наши членови од дејноста основно образование како се пресметува платата за извршена работа со полно работно време, во период од еден месец.

Во член 35 од Колективниот договор за основно образование утврдени се коефициенти на сложеност на работни места, кои треба да се множат со најниската плата за најнискиот степен на сложеност на вработените во основните училишта, која е утврдена со Спогодба и се потпишува помеѓу социјалните партнери на национално ниво, односно МОН, од една страна и СОНК, како репрезентативен синдикат за вработените во дејноста образование, од друга страна.

Најниската плата за најнизок степен на сложеност на вработените во основните училишта е утврдена на ден 30.01.2023 година со зголемување од 3% и изнесува 17.482,00 денари (бруто износ).

Платата за секој вработен се пресметува на следниов начин:

Бруто коефициентот за секое работно место помножен со утврдената вредност на најниската плата за најнизок степен на сложеност на вработените во основните училишта (17.482,00), ја дава основната бруто плата.

Минималната плата во Република Македонија од месец март 2022 изнесува 26.422,00 денари бруто односно 18.000,00 денари нето.

Напомена: Основната бруто плата на работникот неможе да биде пониска од минималната бруто плата во Република Македонија во тековната година.

Практичен пример за претходно изнесеното е:

1. Работното место хигиеничар според Колективниот договор за основно образование има коефициент на сложеност 1.301. Тој се множи со утврдената вредност на најниска плата за најнизок степен на сложеност на вработените во основните училишта што изнесува 17.482,00 денари.

Пример: хигиеничар: 1.301 x 17.482,00 = 22.744,00 бруто или 15.617,00 нето плата

Оваа бруто плата од 22.744,00 денари е пониска од законски утврдената бруто плата од 26.422,00 денари, па заради тоа, согласно Законот за минимална плата, се усогласува и платата за работно место хигиеничар. Наместо основната нето плата од 15.617,00 денари, тие ја земаат загарантираната минимална нето плата од 18.000,00 денари.

На загарантираната минимална бруто плата се додава минат труд на вработениот (коефициент 0,5% за секоја година). Тоа значи дека, на минималната бруто плата на национално ниво (26.422,00 денари), се додава минат труд.

Пример, за хигиеничар со 12 години работен стаж, платата би била:

коефициент 0,5 % x 12 години = 6%

26.422,00 + 6% = 28.007,00 бруто плата или 19.027,00 нето плата

2. Работното место наставник според Колективниот договор за основно образование има коефициент на сложеност 2.503. Тој се множи со утврдената вредност на најниска плата за најнизок степен на сложеност на вработените во основните училишта што изнесува 17.482,00 денари.

Пример: наставник: 2.503 x 17.482,00 = 43.757,00 бруто или 29.233,00 нето плата

Доколку вработениот има додатоци на плата и тоа по основ на класно (одделенско) раководство, додаток за работа во паралелки со деца со посебни потреби, работа во комбинирани паралелки, работа во тешки услови итн., тие додатоци се додаваат на основниот коефициент и се собираат, па збирот на коефициенти се множи со утврдената вредност на најниска плата за најнизок степен на сложеност на вработените во основните училишта. На така добиената бруто плата се додава минат труд (коефициент 0,5% за секоја година).

Пример: За наставник кој е класен раководител (додаток на плата 0.120), работи во комбинирана паралелка (додаток на плата 0.120) и во ридско - планински подрачја во училишта од прва категорија (додаток на плата 0.300), со 10 години стаж - минат труд, пресметката на плата би изгледала вака:

2.503 + 0.120 + 0.120 + 0.300 = 3.043 x 17.482,00 = 53.198,00 бруто или 35.351,00 нето плата.

На оваа бруто плата се додава минат труд од 10 години односно 5% :

53.198,00 + 5% = 55.858,00 бруто или 37.075,00 нето плата

.

Останатите плати за секое работно место се пресметуваат со множење на соодветниот коефициент за секое работно место, согласно Колективниот договор, со износот на утврдената вредност на најниска плата за најнискиот степен на сложеност на вработените во основните училишта, во бруто износ.

Горенаведените пресметки се од информативен карактер, а конверзијата односно претворањето од бруто во нето износ е направено на web страната https://unija.com/mk/kalkulator-za-izracun-place/.